15 ПРК-О-802/22

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**, преку судијата [redacted] со записничар [redacted], во прекршочниот предмет по барањето за поведување на прекршочна постапка поднесено од РСМ Агенација за лекови и медицински средства Скопје ИП1 бр.19-201 од 04.08.2022 година, противПЗУ Клиничка болница „Жан Митрев“ од Скопје како правно лицеи Жан Митрев од Скопје, како одговорно лице во правното лице за прекршок предвиден по чл.134 ст.1 и 2,а казнив по чл.154 ст.1 т.49 в.в. ст.2 од Закон за лековите и медицинските средства, согласно чл.114 ст.1 т.10 од Законот за прекршоците, на ден 22.05.2023 година, донесе

**П Р Е С У Д А**

**ОБВИНЕТИТЕ:**

1 Приватна здравствена установа - Клиничка болница „Жан Митрев“ од Скопје,со деловно седиште на ул.Бледски договор бр.8, со [redacted] депонент на Стопанска банка АД Скопје, како правно лице.

2 Жан Митрев, со [redacted], роден на [redacted] живее во [redacted], Македонец, државјанин на Р.С. Македонија,како одговорно лице.

**СЕ ОСЛОБОДУВААТ ОД ОДГОВОРНОСТ**

Согласно чл.114 ст.1 т.10 од Законот за прекршоците

ДЕКА:

При извршен контролен инспекциски надзор од 27.07.2022година од Агенцијата за лекови и медицински средства кај правното лице при што е донесено решение ИП1 бр.19-201 од истиот датум при што е утврдено дека обвинетите пред отпочнување со клиничко испитување на медицински средства за хемофилтрација не го пријавиле ова клиничко испитување во Агенцијата за лекови и медицински средства.

Со кое дејствие обвинетите би сториле прекршок предвиден по чл.134 ст.1 и 2,а казнив по чл.154 ст.1 т.49 в.в. ст.2 од Закон за лековите и медицинските средства, бидејќи нема докази дека обвинетите го сториле прекршокот.

Трошоците на прекршочната постапка паѓаат на товар на Буџетот на РСМ, согласно чл.118 ст.4 од Закон за прекршоците.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

РСМ Агенација за лекови и медицински средства Скопје,поднесе барање за поведување на прекршочна постапка против обвинетите ПЗУ Клиничка болница „Жан Митрев“ од Скопје како правно лице и Жан Митрев од Скопје, за прекршок предвиден по чл.134 ст.1 и 2,а казнив по чл.154 ст.1 т.49 в.в. ст.2 од Закон за лековите и медицинските средства.

Судот на закажаното рочиште одржано на ден 22.05.2023 година на кое присуствуваа претставникот на подносителот на барањето адвокат [redacted] со заменичко полномошно од адвокат [redacted] и застапникот на обвинетото одговорно лице, [redacted] во отсуство на уредно повиканото одговорно лице Жан Митрев, а во присуство на неговиот бранител адвокат [redacted] па во однос на одговорното лице судот одлучи согласно чл.104 ст.2 од Законот за прекршоците и од изведените докази приложени кон барањето за поведување прекршочна

постапка и доказите приложени од одбраната на обвинетите судот ја утврди следната фактичка состојба:

На решението на фармацевските инспектори при Агенцијата за лекови и медицински средства ИП1 бр.19-201 од 27.07.2022 година ПЗУ Клиничка болница Жан Митрев од Скопје и обвинетото одговорно лице Жан Митрев вложиле жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и истата како стварно и месно надлежна на ден 29.09.2022 година донела решение со кое поднесената жалба се уважува, а решението на фармацевските инспектори при Агенцијата за лекови и медицински средства ИП1 бр.19-201 од 27.07.2022 година се поништува и предметот се враќа на повторна постапка пред првостепениот орган.

На рочиштето се утврди дека подносителот на барањето бидејќи ова решение било поништено не донел ново решение кое нешто го потврди и претставникот на подносителот на барањето адвокат [redacted].

Со оглед на тоа што поднесеното барање се темели врз основа на наводите на решението ИП1 бр.19-201 од 27.07.2022 година донесено од Агенцијата за лекови и медицински срества а ново решение не е донесено т.е. не е ни вршен нов вонреден инспекциски надзор отпаѓаат основите дека кај правното и одговорното лице се утврдени пропусти во работењето т.е. нема докази дека тие со своите дејствија сториле прекршок предвиден по чл.134 ст.1 и 2,а казнив по чл.154 ст.1 т.49 в.в. ст.2 од Закон за лековите и медицинските средства, па бидејќи немаше докази поради погоре наведеното во образложението на пресудата судот према обвинетите донесе ослободителна пресуда врз основа на чл.114 ст.1 т.10 од Законот за прекршоците.

Судот воопшто не ги разгледуваше приложените докази на одбраната доставени до судот со поднесоци од 27.10.2022 и 10.02.2023 година бидејќи не се битни за утврдување на фактичката состојба по овој предмет.

Трошоците на прекршочната постапка се донесе согласно чл.118 ст.4 од Закон за прекршоците.

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ,**
**15 ПРК-О-802/22 од 22.05.2023година**

Записничар, Судија,
[redacted] [redacted]

**ПОУКА:** Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

Д.Н.
- подносител Агенција за лекови и медицински средства Скопје, ул.Св. Кирил и Методиј бр.54 кат 1
- застапник - полномошник на подносителот на барањето адвокат [redacted]
- обвинето правно лице ПЗУ Клиничка болница „Жан Митрев“ од Скопје, ул.Бледски договор бр.8
- застапник на обвинето правно лице адвокат [redacted]
- обвинетото одговорно лице [redacted], со стан на [redacted]
- бранител на обвинетото одговорно лице [redacted]

Верно на оргиналот тврди: